**Розе Сурловска Ристевска**[1]

# КРИМИНОЛОШКИ АСПЕКТИ НА ТРГОВИЈАТА СО ЛУЃЕ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ДЕЦАТА РОМИ

*„Трговијата со луѓе е отворена рана на телото на современото општество. Тоа е злосторство против човештвото“.*
*- Папата Фрањо*

**1.04 Стручна статија**
**УДК 343.431-053.2(=214.58:4)**

**Апстракт**

Децата ширум светот се соочуваат со особено висок ризик да станат плен на трговија со луѓе. Според УНИЦЕФ и Меѓуагенциската координативна група против трговија со луѓе (ICAT), девојчињата и момчињата сочинуваат речиси една третина од жртвите на трговија со луѓе ширум светот. Факторите кои ја зголемуваат ранливоста на децата се сложени и многубројни: на пример, децата без придружба и разделени се соочуваат со дополнителен опсег на ризици во споредба со возрасните. ОБСЕ алармира дека пошироката заедница за борба против трговија со луѓе треба да развие специјализирани политички одговори за да се справи со овој предизвик.

Глобалната иницијатива против транснационалниот организиран криминал, алармира за положбата на Ромите во Западен Балкан, што ги прави честа мета на трговијата со луѓе. Историското исклучување, маргинализацијата и дискриминацијата што ги имаат искусено, резултираат со ниско ниво на образование и висока стапка на невработеност. Ромите честопати живеат во неформални населби и имаат ограничен пристап до инфраструктура. Само мал процент од децата имаат редовен пристап до образование. Стапките на запишување во основно и предучилишно образование се особено загрижувачки. Токму овие фактори, меѓу другите, придонесуваат за возрасните Роми - и нивните деца - да бидат ранливи на разни форми на експлоатација.

Во овој труд се истражуваат факторите кои придонесуват за ранливата положба на децата Роми кои ги прави лесна мера за организираниот криминал со трговија со луѓе. Низ прикажување на резултатите и примерите од истражувањето се прикажува токму влијанието и резултаите на дискриминаторскиот пристап кон Ромите и последиците кои произлегуваат на долг рок.

**Клучни зборови:** трговија со деца, организиран криминал, жртви, меѓународна соработка, малолетник

## 1. Вовед

Трговијата со луѓе сама по себе претставува форма на нелегален пазар. Нелегалните пазари претставуваат места каде што се врши размена на стоката-робата и услугите чие

[1] Докторант на катедрата по Казнено право при Универзителот "Гоце Делчев" – Штип

производство, промет и користење се забранети, или строго регулирани во меѓународните регулативи или во националните закони во повеќето земји.[2]

Нажалост, таа првенствено влијае и најмногу ги таргетира најранливите членови на општеството. Ова ги вклучува расните, етничките, половите и/или социјалните групи кои се најмногу погодени од дискриминација и нееднаквост во дадена заедница. Трговците со луѓе идентификуваат и експлоатираат поединци во позиции на очај или изолација, искористувајќи ги околностите како што е сиромаштијата. И покрај бројните индикации дека малцинските групи се соочуваат со далеку поголем ризик да станат жртви, врската помеѓу трговијата со луѓе и расната и етничката дискриминација ретко се истражува или решава во регионот на ОБСЕ, што доведува до значителен недостаток во податоците. Затоа е неопходно напорите за недискриминација да бидат прилагодени на специфичните потреби на малцинствата жртви на трговијата со луѓе.

Ромите ја сочинуваат најголемата етничка малцинска група во Европа. Постои недостаток на официјални статистички податоци поделени по етничка припадност во Европа, а постојат големи разлики меѓу официјални и неофицијални податоци за бројот на Ромите. Европската комисија тврди дека има околу 12.000.000 Роми кои живеат во Европската Унија.[3]

Антициганизмот е историски конструиран, постојан комплекс на вообичаен расизам против општествените групи идентификувани под стигмата "циганин" или други слични термини, и вклучува:[4]

1. Хомогенизирачка и есенцијализирачка перцепција и опис на овие групи;
2. Припишување на специфични карактеристики;
3. Дискриминирачки општествени структури и насилни практики кои се појавуваат во таа позадина, кои имаат деградирачки и прогонувачки ефект и кои репродуцираат структурни недостатоци.

**2. Трговијата со луѓе како облик на организиран криминал**

Државите на Балканот, поради специфичноста на местоположбата, особено Албанија, Србија, Косово и Македонија, меѓународно се познати како транзит - држави. Но, добар дел од жртвите, процентуално скоро константен низ годините, говори дека жртвите често завршуваат на некоја од териториите на балканските држави, па според тоа се заклучува дека овие земји се и крајни дестинации на жртвите на трговијата со луѓе. Црна Гора, Србија и Албанија често се споменуваат и како земји на потекло на жртвите, а особено Србија кога станува збор за трговија со малолетни лица заради посвојување. Сумирано, и покрај тоа што балканските земји најчесто се споменувани во контекст на „транзитни територии“ за превезување жртви, на територијата е застапен целокупниот проблем на она од што е сочинета трговијата со лица.[5]

Трговијата со луѓе, нажалост можеме да ја објасниме и како „ верзија на ропство на 21-виот век и една од најсериозните форми на злоупотреба на основните човекови права на

---

[2] Arlacchi, P. (1998). *"The Dynamics of Illegal Markets" u P.Williams and D.Vlassis (ur) Combating Transnational Crime: Concepts, Activities and Responses.* Milano: ISPAC.

[3] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

[4] Alliance against Antigypsyism. (2017). *Alliance against Antigypsyism, A Reference Paper.* Повратено од Antigypsyism-reference-paper-PRINT-11.07.2017.pdf

[5] Маролов Д, Иванова Е. (Ноември 2013). Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување. *Правник*.

жртвите". Во денешно време трговијата со луѓе е позната како „ропство на модерното време" и претставува трета најпрофитабилна криминална активност во светот, веднаш после трговијата со дрога и со оружје, притоа виктимизирајќи милиони луѓе.[6]

Со Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца (декември, 2000 год, во Палермо, Италија) е постигната заедничка, универзална, прифатлива дефиниција за тоа што претставува трговијата со луѓе. Според член 3, Трговијата со луѓе е дефинирана како: регрутирање, транспортирање, трансфер, засолнување или прием на лица, по пат на закана или со употреба на сила или други форми на принуда, или киднапирање, измама, залажување, злоупотреба на моќ или состојба на немоќ или со давање или примање на пари или корист, заради постигнувања на согласност на некое лице кое има контрола над друго лице заради потребите на експлоатација.[7]

Македонија на 12 декември 2000 год, во Палермо, ја потпишала Конвенцијата против транснационалниот организиран криминал со Протоколите донесени од страна на Обединетите нации, со што „е потврдена подготвеноста на Државата за превенција и елиминирање на растечките форми на транснационален организиран криминал.[8]

*2.1. Појдовни облици на трговија со луѓе*

Современите дефиниции се согласуваат за **три конститутивни елементи** неопходни за разбирање на трговијата со луѓе како вид на организиран криминал:

1. **процесот пред експлоатација** кој опфаќа регрутирање, транспорт, отстранување, криење или сместување на лица;
2. **средствата за контрола на жртвите како што се**: закани или употреба на сила или други форми на стегање, киднапирање, измама, злоупотреба на моќ или состојба на загрозеност, давање или земање пари или привилегии во замена за добивање на согласност на лице кое има контрола над друго лице;
3. **облици на експлоатација** кои вклучуваат експлоатација за целите на проституција или други форми на сексуална експлоатација, принудна работа или услуги, ропство или практика слична на ропство, или отстранување на органи.[9]

Трговијата со луѓе крши бројни човекови права, вклучувајќи го и правото на живот, правото на физички интегритет, правото да се биде ослободен од тортура или друг суров, нехуман и понижувачки третман, нелегално лишување од слобода и забрана за присилна работа и ропски практики. Откако ќе бидат идентификувани, жртвите на трговијата со луѓе често страдаат од дополнителни кршења на човековите права од страна на учесниците во рамките на кривичната правда и системите за социјална заштита. Истите вклучуваат, меѓу другото, прекршување на нивното право на приватност, правото на еднаквост и недискриминација, правото на фер судење и правото на соодветен правен лек. Една од целите на Протоколот од Палермо и Конвенцијата на Советот на Европа имаат за цел "да ги

---

[6] Лабовиќ М, Николовски М. (2010 ). *Организиран криминал и корупција,.* Скопје, стр.423.

[7] Дефиниција според „Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца„- кој беше усвоен со Резолуцијата А/РЕС/55/25 од 15.11.2000 година на 55-та седница на Генералното Собрание на ОН

[8] Јаниќевиќ Н. (2007). *Трговија со луѓе: Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа.* Тетово.

[9] The UN Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Human Beings, Esspecially Women and Children, supplementing the UN Convention against Transnational Organised Crime, The Official Gazette of FRY – International Treaties, no. 6 of June 27th 2001.

заштитат и да им помогнат на жртвите на ваквите настани трговија со луѓе, со целосно почитување на нивните човекови права.[10]

## 3. Феноменологија на трговија со малолетни деца

### *3.1. Поимно определување на трговијата со деца*

Конвенцијата за спречување и борба против трговијата со жени и деца за проституција исто така, ја дефинира трговијата како "движење, продажба или купување жени и деца за проституција, во и надвор од земјата за монетарни или други размислувања, со или без согласност на лицето кое е предмет на трговија со луѓе.[11]

Согласно Протоколот за спречување, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца (CoE Convention, Palermo Protocol, 2000): Трговијата со деца е регрутирање, транспорт, трансфер, засолнување или прием на деца заради експлоатација. Тоа е прекршување на нивните права, нивната благосостојба и им ја негира можноста да го достигнат својот целосен потенцијал.




### *3.2. Фактори и причини за појава на трговија со деца кај Ромите*

Трговијата со малолетници е индустрија во развој. Експлоатацијата на деца е уште повеќе изразена и вклучува секс туризам, порнографија и ширење на порнографски слики преку интернет и светската глобална мрежа. Екплоатацијата на деца во рамки на проституција, детска порнографија и слични активности претставува исклучително распространет вид на насилство во кој секоја година се вклучуваат околу милион деца кои

---

[10] 4 Article 2(b), Palermo Protocol; Article 1(b), CoE Convention.

[11] Ministry of Women and Child Development. (2006). *Draft National Integrated Plan of Action to Prevent and Combat Human Trafficking with Special Focus on Children and Women.*

се принудуваат, киднапираат, продаваат и по пат на измама се вклучуваат во овие активности.[12]

Трговијата со луѓе може да влијае на секого, без разлика на етничката припадност или социјалниот статус. Сепак, постојат неколку на фактори кои ги прават поединците поранливи на трговијата со луѓе:

1. **Фактори на притисок -** лошата социо-економска состојба на семејствата

Факторите на притисок често се особено акутни во случајот на Ромите. Постои впечатливо преклопување на најзначајните фактори кои придонесуваат за трговијата со луѓе и оние кои придонесуваат за маргинализација на Ромите во целина. Покрај тоа, низ цела Централна и Источна Европа, Ромите се често цел на дискриминација.

Дискриминацијата придонесува за ранливоста во областа на трговијата со луѓе на неколку нивоа. Дискриминацијата против Ромите, жените, децата и сиромашните или руралните луѓе ги ограничува нивните можности за вработување, образование и економија, правејќи ги мета на трговците со луѓе додека бараат подобри можности.

Недостатокот на образование, постојано се споменува меѓу факторите кои ги прават Ромите повеќе ранливи на трговија со луѓе. Ромите се соочуваат со големи пречки за пристап до вработување поради ниското ниво на образование. Образованието на Ромите се карактеризира со висока стапка на напуштање, лош квалитет на наставата во одделени средини и непропорционално сместување на ромските деца во посебни училишта за деца со ментални попречености. Влијанието на ниските образовни достигнувања и како резултат на тоа ограничената вработеност, ги прави можностите за ранливост на трговијата со луѓе или други експлоататорски ситуации повеќе од очигледни.

Интервјуата со Роми – жртви на трговија со луѓе дадоа сознанија за циклус на образовна исклученост, не само меѓу лицата со кои се тргува, но исто така и меѓу нивните родители. Исклучување на повеќе генерации од еднакви и целосни образовни можности води до генерациска невработеност во семејството и врз основа на податоците од интервјуто, ги прави луѓето поподготвени да преземат ризик или да прибегнат кон очајни мерки.[13]

Високите нивоа на невработеност и сиромаштија може да ги натераат Ромите да преземат големи ризици за да заработат приход. Недостаток на пристап до банкарските кредити ги принудуваат Ромите да прибегнат кон неформални лихвари кои наплаќаат прекумерни каматни стапки, што резултира со ропство на долг.

Во текот на ова истражување, половото насилство како форма на полова дискриминација и насилство против децата, се утврди дека е значаен фактор кој придонесува за трговијата со жени. Токму ова е илустрирано со случајот на 35-годишна Ромка, интервјуирана во североисточниот дел на Унгарија во март 2010 година:

"Не сакам да се сеќавам на моето детство, но кога го правам тоа, ми доаѓаат само лоши работи ум [...] Мислам дека бев околу 6 или 7 години, барем ова е најраниот пат кога можам да се сетам, кога дедо ми почна сексуално да ме злоупотребува [...]. Многу се плашев од мојот дедо (кој живееше во истата куќа). [...] Почнав да останувам на улица со соучениците сè почесто за да избегнам да одам дома."

---

[12] Иванова Е. (2011). *Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговија со малолетни лица.* Скопје.

[13] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

Потоа таа почнала да зема дрога и тоа ја довело до ангажирање во проституција за да заработи пари и да ја плати дрогата. Таа станала задолжена и подоцна била продадена од дилер на дрога. [14]/[15]

Ромка со која се тргувало за сексуална експлоатација во Унгарија, посведочила дека на возраст од 14 години, се заљубила во момче кое било зависно од дрога и кое ја замолило да стане проститутка. Таа не можела да се справи со тоа што го правела, и почнала да користи дрога. По некое време нејзиниот дечко ја продал на макро. Првиот ден таа била силувана од макрото и неговите пријатели.[16]/[17]

2. **Фактори на повлекување** - побарувачката за евтина работна сила и за проституирани жени, девојки и момчиња е главен фактор на повлекување.

Теренските истражувања покажале дека, во повеќето случаи, очај во домаќинството и/или земјата на потекло ги принудува Ромите да мигрираат и да преземат големи ризици: на пример, верување на непознати луѓе и согласност за патување со нив на работа без договор. Во овие ситуации, луѓето паѓаат во замката на трговците со луѓе.[18]/[19]

3. **Неуспех на системот**

Факторите на ранливост се значително влошени кога станува збор заа ромите поради неуспехот на националните социјални системи да ја намалат и елиминираат ранливата ситуација во ромските заедници и бариерите кои ги спречуваат Ромите да пристапат до јавните услуги како што се: училишта, здравствени услуги, служби за вработување и други социјални услуги. Иницијативите против трговијата со луѓе имаат за цел да се обезбеди безбедносна мрежа за луѓето кои се изложени на трговијата со луѓе, со цел да се намалат нивните шанси да паднат во ризични ситуации кои можат да доведат до трговија со луѓе (како што е лихварството) и повторна трговија со луѓе. Обезбедувањето на ефективна социјална работа за борба против трговијата со луѓе во ромските заедници е од суштинско значење со оглед на високото ниво на сиромаштија и невработеност во овие заедници. Сепак, различни студии за ефективноста на социјалната работа во ромските заедници покажуваат загрижувачки резултати.[20] (ERRC, 2007)

**4.Компетитивност на пазарот и глобализација**

Со цел да се преживее во ерата на конкуренцијата, побарувачката за евтина работна сила се зголеми насекаде. Традиционалните економски активности како: агрокултурата и земјоделството, индустријата со памук, работа со прастари/векови ракотворби се сериозно погодени во денешната ера на глобализација поради што децата и семејствата се подложни на трговија со луѓе. Со зголемената побарувачка на сексуалниот туризам е зголемена и

[14] Интервју со Ромка која е жртва на трговијата со луѓе, Будимпешта, Унгарија: 27 март 2010

[15] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

[16] Интервју со 22-годишна Ромка, жртва на трговија со луѓе, Будимпешта, Унгарија: 29 март 2010

[17] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

[18] Во исто време, информациите обезбедени од страна на лицата жртви на трговија со луѓе во април 2010 година укажуваат на тоа дека случувањето на договор не гарантира дека експлоатацијата нема да се случи.

[19] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

[20] Студијата на ERRC од 2007 година за заштита на децата во Унгарија покажа дека многу социјални работници пристапуваат кон својата работа во Ромските заедници од гледна точка на полицијата исоцијалната контрола и не ги подобруваат севкупните услови на поединци и семејства.

побарувачката за млади момчиња и девојчиња, а со тоа и бројот на деца кои се тргувани и експлоатирани физички, ментално и сексуално.[21]

## 5. Трговијата со луѓе низ призмата на децата Роми

Според податоците на Првата детска амбасада во светот - Меѓаши, 5–6% од вкупниот број на деца во РСМ не се вклучени во образовниот систем, 2000 деца го поминуваат своето детство на улица, живеејќи под ведро небо и без родителска грижа и надзор, а само 9 - 15% (зависно од општината во која живеат) од децата се вклучени во предучилишно образование. Притоа, децата кои се на улица, се категоризираат во неколку групи: деца без родители, деца со еден родител, деца на разведени родители, деца во нарушени семејни односи, а околу 30% од децата на улица, се деца без родители. (Прва детска амбасада Меѓаши) Децата на улица во РС Македонија ги има од сите возрасти и националности, но најмногубројни (58 %) се Ромите. Исто така, загрижува и сознанието дека: 15,5 % од децата на улица се од предучилишна возраст, 64% се на возраст од 7 до 14 години, 88, 5 % манифестираат социјално неприфатливо однесување, а 11, 5 % имаат толерантно социјално однесување.[22]

Во период на последните десет години на територијата на Република Северна Македонија се регистрирани 490 деца на улица, како збир на евидентираните лица од оваа категорија во рамки на сите Центри за социјални работи на територија на државата. Повеќето од нив (262) се лица од женски пол, а останатите (228), се машки лица. Според возраста, најголем број од нив (415) се деца, односно лица кои не навршиле 15 години, значително помал број (11), се постари малолетници, односно лица од 16–18 годишна возраст. Интересен е податокот за припадност во оваа категорија на лица постари од 14, односно 18 години, односно лица кои припаѓаат на возрасната група од 19–44 години. Најстарите регистрирани лица во оваа категорија се на возраст над 65 години.[23]Од децата на улица чија етничка припадност е позната, најголем број (452) се припадници на Ромската етничка заедница.

Евидентните податоци за етникумот на децата на улица, го потврдува фактот дека децата од Ромска национална припадност се најризична група, односно група која е најзастапена на улиците низ државата и изложена на ризик од инволвирање во било какви недозволени активности со цел остварување приход за организираните групи кои ги принудуваат да питачат, крадат и да остваруваат битие на друг криминалитет, неретко и на акти на трговија со луѓе, а сосема мала и несигурна заработувачка за нивните родители и останати членови на семејството.[24]

### *5.1. Ранливата положба на децата Роми во Западен балкан*

*„Случајот Хамидовиќ“*

*Во 2015 година, француските агенции за спроведување на законот кои работеа заедно со Агенцијата на Европската Унија за соработка во кривичната правда започнаа*

---

[21] Златевска Е. (2018). *Трговијата со деца во Република Македонија како една од специфичните социопатолошки проблеми во современото општество.* Скопје.

[22] Донева Н. (2021). Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговија со луѓе. *20- та Меѓународна научна конференција*.

[23] Ibid.

[24] Ibid.

*истрага против Хусмет Хамидовиќ, кој беше осомничен за водење на меѓународно организирана мрежа на трговија со луѓе. Хамидовиќ, босански државјанин, беше прогласен за виновен за трговија со повеќе од 500 претежно ромски девојки и жени од Босна и Херцеговина во Франција за целите на сексуална експлоатација, питачење и ситни кражби. Други 22 девојки кои биле дел од неговата мрежа беа пронајдени во куќа во Зеница, Босна и Херцеговина. Мрежата била активна и во Австрија, Белгија, Италија и Шпанија. Многу девојки биле принудени на склучување брак со членови на криминални мрежи за да се олесни нивното патување меѓу Босна и Херцеговина и Франција. Биле добивани фалсификувани визи под лажни имиња пред сè од Амбасадата на Босна и Херцеговина во Париз, за кои се наплаќало од 500 до 1 200 евра по документ. Како што е пријавено, девојките патувале редовно меѓу двете земји бидејќи имале задача да ги вратат парите назад во Западен Балкан.*

Согласно податоците на кои наидов при ова истражување, девојчињата на возраст меѓу 10 и 16 години се продаваат за брак на мажи или во истата заедница или во ромски заедници во соседните земји. Иако многу од овие бракови се случуваат во рамките на пошироката ромска заедница, експертите тврдат дека принудните бракови можат да бидат почеток на живот на експлоатација, составен од задачи кои се движат од питачење и ситни кражби до сексуална работа во барови и ноќни клубови.[25] Паричниот надоместок за децата принудени да склучат брак во рамките на нивната заедница или во рамките на други заедници во Западен Балкан може да биде низок, од 200 до 500 евра. Меѓутоа, можат да се заработат повеќе пари со продажба на децата во странство, особено на ромски заедници во Западна Европа. Семејствата се измамени да мислат дека ги праќаат своите деца во странство со надеж за подобар живот за нив (и за себе), но може да не бидат свесни за последиците. Сепак, ваквите трансакции не секогаш се во форма на готовина бидејќи има и извештаи за семејства кои ги продаваат своите ќерки за апарати, како на пример телевизор во боја, половен фрижидер или половен автомобил. (UNICEF Belgrade, 2017)

Според експертите интервјуирани во декември 2020 година, многу од децата кои се принудени да склучат брак во странство всушност се продаваат на членови на организирани криминални групи и се принудени на организирана сексуална работа во Западна Европа. (Опсервација на нелегални економии во Југоисточна Европа, 2021) Ова е најистакнато во таканаречениот „случај Хамидовиќ“ во 2015 година каде што француските и босанските власти откриле повеќе од 500 ромски девојчиња и жени кои биле тргувани од Босна и Херцеговина во Франција и принудувани на ситни кражби и сексуална работа.[26]

Во операцијата Голф, заедничка операција меѓу Лондонската метрополитен полициска служба и романската национална полиција од 2007 до 2010 година, биле идентификувани повеќе од 1000 деца Роми од еден романски град кои биле тргувани во Западна Европа за принудна работа и сексуална експлоатација. (Anti-Slavery International,, 2014)Со истрагите спроведени во Австрија биле идентификувани на 90 деца како можни жртви на сексуална експлоатација во 2016 година, од кои 73 се Роми од Босна и Херцеговина. Извештајот за трговија со луѓе на САД од 2020 год. се нагласува ранливоста на децата Роми тргувани за сексуална експлоатација во повеќе земји од Западна Европа, вклучувајќи ги Франција и Германија. (United States Department of State, 2020)

---

[25] Опсервација на нелегални економии во Југоисточна Европа, Билтен на ризици, Издание 6, Март / Април 2021

[26] Суд на Босна и Херцеговина, Обвинение S1 2 K 028556 18 K—Salčinović Elvis et al.

Според истражувањето спроведено во Бугарија, Чешка Република и Унгарија, 9 од 26 лица жртви на трговијата со луѓе пријавиле дека претрпеле семејно насилство и сексуална злоупотреба од страна на родителите, бабите и дедовците, сопрузите и дечки пред нивната трговија. За тоа сведочи исказот на 24-годишна ромска жена од Унгарија која била продадена во сексуална експлоатација:

"Кога имав 10 години, отидов во државен прифатен центар една година, бидејќи татко ми беше алкохоличар и ме злоупотребуваше мене, брат ми и мајка ми. Кога се вратив дома, сè беше исто како и претходно. Кога имав 17 години татко ми ме извади од училиште и ме принуди да бидам проститутка. Ме натера да застанам на големиот пат во селото. Јас немав дечко, па татко ми ме силуваше бидејќи знаеше дека сум девица. Тој рече дека сексот би бил подобар со други клиенти ако не сум девица." [27]/[28]

## 6. Заклучок

Последиците од расната дикриминација врз Ромите значајно се забележуваат во овој труд кој ја разгледува трговијата со деца низ призма на децата Роми. Тоа го поврдува и изјавата на Теа Цалиашвили, прв заменик-директор на ОДИХР на презентацијата на публикација "Надвор од сенка: Адресирање на динамиката на трговијата со лица кои припаѓаат на малцинствата, вклучувајќи ги и националните малцинства" во Виена на 11 септември 2024 година: (OSCE, 2024)

"Потребен е системски одговор за борба против стереотипите, дискриминацијата и стигматизацијата на малцинствата за да се намали нивната ранливост која ги прави лесен плен на трговијата со луѓе. Потребен е сеопфатен пристап за промовирање на етичкото вклучување на преживеаните во сите напори против трговијата со луѓе и да се осигура дека правата на секоја жртва за помош и надомест се почитувани, без разлика на етничката припадност."

Сите фактори кои беа прикажани како причини за појава и зголемување на стапката на деца Роми - жртви на трговија со луѓе, се последица на институционалниот и општествен расизам кој се пренесува од генерација на генерација. Последиците од сегрегацијата во образованието резултираат со потешкотии при вработување кои пак се јавува како причина за сиромаштија меѓу Ромите, се само мал дел од факторите кои ги прават децата Роми лесен плен за криминалците. Борбата за запирање на дискриминацијата кон ромите и уривање на стереотипите и предрасудите би рекла дека се клучни мерки кои треба да ги превземе секоја држава, се со цел прекинување на тој ланец со трговија на деца.

Значаен податок на кој наидов во истражувањето е дека Ромската асоцијација за жени и млади „ЛУЛУДИ", заедно со поддршката добиена од Советот на Европа во рамки на проектот „Сите заедно за спречување на трговијата со деца и девојки", работи на превенција на трговијата со деца со цел да се подигне јавната свест и да се зајакнат децата и младите, со фокус на девојките Ромки, во препознавање и пријавување на можните инциденти и случаи на трговија со деца. **Главна цел** на овој проект е подигнување на јавната свест за трговијата со деца и различните форми на експлоатација, вклучително и

[27] Интервју со Ромка која е жртва на трговијата со луѓе, Североисточна Унгарија: 17 март 2010
[28] European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

принудното питачење, принудни бракови кај деца од различни етнички заедници, девојки Ромки, родители, локални лидери од заедницата, наставнити и медиуми.[29]

Повеќе од потребно да се направат значителни напори за спречување и сузбивање на трговијата со луѓе во нашата земја, како и на Западен Балкан, и истите да се насочат кон потребата да се заштитат жртвите на трговија со луѓе и да им се даде соодветна помош и поддршка во процесот на реинтеграција. Мерките насочени кон сузбивање на трговијата со луѓе треба да се спроведат на начин на кој нема да ги нарушат достоинството и правата на луѓето, особено жртвите на трговија со луѓе.

## 7. Користена литература:


European Roma Rights Centre and People in Need. (2011). *Breaking the Silence A Report by the European Roma Rights Centre and people in need, Trafficking in Romani Communit March 2011.*

Alliance against Antigypsyism. (2017). *Alliance against Antigypsyism, A Reference Paper.* Повратено од Antigypsyism-reference-paper-PRINT-11.07.2017.pdf

Anti-Slavery International,. (2014). *Anti-Slavery, Trafficking for Forced Criminal Activities and Begging in Europe. Exploratory Study and Good Practice Examples.* Повратено од http://www.antislavery.org/wp-content/uploads/2017/01/trafficking_for_forced_criminal_activities_and_begging_in_europe.pdf

Arlacchi, P. (1998). *"The Dynamics of Illegal Markets" u P.Williams and D.Vlassis (ur) Combating Transnational Crime: Concepts, Activities and Responses.* Milano: ISPAC.

CoE Convention, Palermo Protocol. (2000). *Palermo Protocol.*

ERRC. (2007). *Dis-Interest of the Child: Romani Children in the Hungarian Child Protection System.* Повратено од http://www.errc.org/cms/upload/media/02/8F/m0000028F.pdf

Ministry of Women and Child Development. (2006). *Draft National Integrated Plan of Action to Prevent and Combat Human Trafficking with Special Focus on Children and Women.*

OSCE. (2024, 09). *Minorities at greater risk of falling victim to human trafficking through longstanding discrimination, new OSCE report shows.* Повратено од https://www.osce.org/odihr/575952

UN. (2001). UN Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Human Beings, Esspecially Women and Children, supplementing the UN Convention against Transnational Organised Crime. *The Official Gazette of FRY – International Treaties, no. 6.*

UNICEF Belgrade. (2017). *Child marriage among the Roma population in Serbia.* Повратено од https://www.unicef.org/serbia/media/921/file/Child%20marriage%20among%20the%20Roma%20population%20in%20Serbia.pdf

United States Department of State. (2020). *Trafficking in Persons report 20th Edition* . Повратено од https://www.state.gov/wp-content/uploads/2020/06/2020-TIP-Report-Complete-062420-FINAL.pdf

Williams, P. (2001). *Organizing Transnational Crime: Networks, Markets and Hierarchies" in P.Williams and D.Vlassis Combating Transnational Crime: Concepts, Activities and Responses.* London and Portland: Frank Cass.


[29] Повеќе на https://luludi.mk/

Андева М. (н.д.). *Италија и трговијата со луѓе, Збирка есеи на тема трговија со луѓе.* Скопје: Студио Емитер.

Генералното Собрание на ОН. (2000). Протоколот за превенција, сузбивање и казнување на трговијата со луѓе, особено жени и деца.

Донева Н. (2021). Деца на улица во Република Северна Македонија и нивната ранливост во однос на трговија со луѓе. *20- та Меѓународна научна конференција*.

Златевска Е. (2018). *Трговијата со деца во Република Македонија како една од специфичните социопатолошки проблеми во современото општество.* Скопје.

Иванова Е. (2011). *Сузбивање на трговијата со луѓе – со посебен осврт врз трговија со малолетни лица.* Скопје.

Јаниќевиќ Н. (2007). *Трговија со луѓе: Меѓународни документи, Национално законодавство, Активности на национален план, Трговија со луѓе-правни аспекти, Универзитет на Југоисточна Европа.* Тетово.

Лабовиќ М, Николовски М. (2010 ). *Организиран криминал и корупција,.* Скопје .

Маролов Д, Иванова Е. (Ноември 2013). Трговија со малолетни лица заради незаконито посвојување. *Правник*.

Опсервација на нелегални економии во Југоисточна Европа. (2021). *Билтен на ризици, Издание 6, Март / Април 2021*.

Прва детска амбасада Меѓаши. (н.д.). *12. јуни - Меѓународен ден против злоупотреба на детскиот труд.* Повратено од http://www.childrensembassy.org.mk/detski-trud-ns_article-12-juni-megjunaroden-den-protiv-zloupotreba-na-detskiot-trud.nspx

**Roze Surlovska Ristevska**[30]

# CRIMINAL ASPECTS OF HUMAN TRAFFICKING WITH SPECIAL REFERENCE TO ROMA CHILDREN

**Abstract**

Children across the globe face a particularly high risk of falling prey to trafficking. According to UNICEF and the Inter-Agency Coordination Group against Trafficking in Persons (ICAT), girls and boys make up almost a third of trafficking victims worldwide. The factors that heighten children's vulnerability are complex and numerous: for example, unaccompanied and separated children face an additional range of risks compared to adults. OSCE warns that the wider anti-trafficking community needs to develop specialized policy responses to address this challenge.

The Global Initiative Against Transnational Organized Crime is alarming about the situation of the Roma in the Western Balkans, which makes them a frequent target of human trafficking. The historical exclusion, marginalization and discrimination they have experienced results in low levels of education and high rates of unemployment. Roma often live in informal settlements and have limited access to infrastructure. Only a small percentage of children have regular access to education. It is these factors, among others, that contribute to Roma adults - and their children - being vulnerable to various forms of exploitation.

This paper explores the factors that contribute to the vulnerable position of Roma children that make them easy targets to human trafficking. Through the presentation of the results and examples of the study, are shown the long-term consequences of the discriminatory approach to Roma people.

**Keywords:** child trafficking, organized crime, victims, international cooperation, minor

[30] Roze Surlovska Ristevska, PhD student at the Department of Criminal Law at "Goce Delchev" University - Shtip